

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**декември, 2022 година**

## СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ..... 2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР ..... 3
Индустриско производство ..... 3
Број на работници во индустријата ..... 4
Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5
Инфлација ..... 6
Берзански цени ..... 8
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ..... 9
Извоз ..... 9
Увоз ..... 11
Салдо на трговска размена ..... 11
Валутна структура ..... 12
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ..... 13
Буџетски приходи според економската класификација ..... 13
Буџетски расходи според економската класификација ..... 14
Расходи по буџетски корисници ..... 15
Буџетско салдо ..... 16
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ..... 16
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 16
Плати ..... 17
Пензии ..... 18
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ..... 18
Примарни пари ..... 19
Депозитен потенцијал ..... 19
Кредити на банките ..... 20
Каматни стапки на депозитни банки ..... 20
Пазар на капитал ..... 21
Девизни резерви ..... 21



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2022 година

- Индустриското производство во декември 2022 година забележа пад од 1,3% во споредба со истиот месец претходната година;

- Потрошувачките цени во декември регистрираа раст од 18,7% во споредба со декември 2021 година (19,5% во ноември 2022 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, а на месечно ниво се намалија за 0,3%. Стапката на инфлација во 2022 година изнесува 14,2%;

- Вкупната надворешнотрговска размена во 2022 година изнесува 20.424,8 милиони евра и бележи раст од 23,3% во однос на истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во 2022 година изнесуваа 243.033 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,5% во однос на 2021 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во 2022 година изнесуваа 278.518 милиони денари, односно 33,5% од БДП, што е за 8,4% повеќе во однос на претходната година;

- Вкупните кредити на банките во декември 2022 година се зголемија за 9,4% во споредба со декември 2021 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 4,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Индустриското производство во декември 2022 година забележа пад од 1,3% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во декември 2022 година се должи на намаленото производство во секторите: Рударство и вадење камен (за 2,3%) и Преработувачка индустрија (2,3%), додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа раст од 11,6%.

Раст на производството во декември 2022 година бележат 12 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 51,9% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во декември 2022 година е забележан во гранката производство на машини и уреди од 9,6% со придонес од 0,7 п.п., додека намалување се забележува во гранките производство на моторни возила, приколки и полуприколки од 5,2% со придонес од -0,4 п.п. и производство на електрична опрема од 20,5% со придонес од -1,3 п.п..




Од традиционалните гранки, зголемување на производството во декември 2022 година се забележува во гранките: производството на прехранбени производи за 1,6% со придонес од 0,2 п.п., производство на текстил за 0,5% со придонес од 0,0 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 105,2% со придонес од 0,7 п.п., додека намалување на производството се забележува во следните гранки: производство на пијалаци за 11,7% и придонес од -0,5 п.п., производство на тутунски производи за 62,8% со придонес од -1,3 п.п., производство на облека за 0,1% со придонес од 0,0 п.п. и производство на кожа за 25,6% со придонес од -0,2 п.п..

Намалување на индустриското производство според намената на произведените единици во декември 2022 година е последица на намаленото производство во следните гранки: Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 8,1%, придонес од -2,7 п.п.), Капитални производи (пад од 0,8% со придонес од -0,1 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 16,9% и придонес од -0,7 п.п.), додека зголемување на производството бележат гранките: Енергија (раст од 10,1% со придонес од 1,0 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 2,3% со придонес од 0,8 п.п.).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0







На кумулативна основа, во периодот јануари – декември 2022 година индустријата забележа пад од 0,3%, што се должи на намаленото производство во секторите Преработувачка индустрија од 1,1% (придонес од -0,9 п.п.) и Рударство и вадење камен од 0,2% (придонес од 0,0 п.п.), во споредба со истиот период од претходната година. Секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација бележи раст од 7,5% (придонес од 0,6 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има гранката Производство на машини и уреди од 0,8 п.п. при раст од 12,2%.

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – декември 2022 година е регистриран во гранките Енергија (8,8%), Капитални производи (6,0%) и Трајни производи за широка потрошувачка (13,9%), додека гранките Интермедијарни производи, освен енергија и Нетрајни производи за широка потрошувачка бележат пад од 6,4 % и 1,8%, соодветно.




## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во декември 2022 година е зголемен за 1,0% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,4%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите: Рударство и вадење камен од 4,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,4%. Сепак, постојат гранки со релативно висок раст на вработеноста, како што се: производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 14,6%, производство на компјутерски, електронски и оптички производи со раст од 12,0%, и производство на електрична опрема со раст од 11,1%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2022 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници

бележат групите Интермедијарни производи, освен енергија за 1,7% и Капитални производи за 11,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – декември 2022 година бележи пад од 0,9%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење на камен за 3,3%, Преработувачка индустрија за 0,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,1%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – декември 2022 година е намален во групите Енергија и Нетрајни производи за 5,7% и 5,3% соодветно.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во декември 2022 година е понеповолна споредено со ноември 2022 година, како и во однос на декември 2021 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во декември изнесува 67,2% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец, кога изнесувало 67,3%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 1,6 п.п..

**Графикон 15:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во декември имаа следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 21,7%, недоволната странска побарувачка со 16,1%, неизвесното економско опкружување со 16,0% и недоволната домашна побарувачка со 11,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во декември 2022 година во однос на ноември 2022 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се намалени во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во декември 2022 годинабеа издадени вкупно 307 одобренија за градење, што претставува пад од 18,8% во однос на истиот месец 2021 година. Споредено со ноември 2022 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 13,3%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2022 година е повисока за 85,1% на годишна основа, а во однос на претходниот месец истата бележи пад од 20,5%.

Графикон 16: Одобренија за градење и вредност на работите (број во единици; вредност во милиони денари)




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 151 (или 49,2%) се наменети за објекти од високоградба, 83 (или 27,0%) за објекти од нискоградба и 73 (или 23,8%) за реконструкција на објекти.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 307 издадени одобренија за градба, на 161 објект (или 52,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 146 објекти (или 47,6%) инвеститори се деловни субјекти.




Со издадените одобренија за градење во декември 2022 година предвидена е изградба на 728 станови со вкупна корисна површина од 60.719м². Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 17,2% на месечно ниво, а на годишно ниво е намален за 3,8%.

## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во 2022 година изнесува 14,2%, со пораст на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци за 20,9%.

Во декември, потрошувачките цени регистрираа раст од 18,7% во споредба со декември 2021 година (19,5% во ноември 2022 година) што преставува  забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец. Растот на стапката на инфлација се должи главно на растот на цените на храната, како резултат на високиот раст на увозните цени поради растот на цените на примарните производи на светските берзи, како и на растот на цените на енергентите. Цените на енергентите во последните месеци се зголемија како резултат на зголемувањето на цената на струјата со одлука на РКЕ во два наврата, односно зголемување на цената на струјата за домаќинствата за 9,48% и укинување на дневната евтина тарифа во јануари, и на воведувањето на новиот блок тарифен модел на цената на електричната енергија за домаќинствата кој важи од 1.7.2022 година. Во мал придонес се одразија и одлуките на РКЕ за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија во просек за 14,05% во јануари 2022 година и 14,18% во август 2022 година.



Базичната стапка на инфлација (инфлација во која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) во декември регистрира зголемување од 11,1% на годишна основа (9,8% претходниот месец), при што најголем позитивен придонес имаат зголемените цени на во категоријата Ресторани и хотели.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество (10,8 п.п. придонес врз растот во декември) при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 27,1% (29,8% претходниот месец) на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: леб и житни производи (40,1%), млеко, сирење и јајца (36,4%), месо (27,9%) и зеленчук (13,7%). Цената на маслото во декември регистрира зголемување од 23,7%.

Графикон 1.10: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, по категоријата Храна и безалкохолни пијалаци највисок годишен раст на цените во декември 2022 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели и тоа од 20,9%. Раст на цените е регистриран во сите категории: Домување, вода, електрика, гас и други горива од 20,4%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 16,7%, Транспорт од 16,1%,Разновидни стоки и услуги од 15,1%, Алкохолни пијалаци, тутун  и наркотици од 8,9%, Рекреација и култура од 6,2%, Здравствена заштита од 4,7%, Облека и обувки од 3,3%, Комуникации од 1,1% и Образование од 0,3%.

Потрошувачките цени во декември за првпат регистрираа пад во 2022 година на месечно ниво и истите се намалија за 0,3%.

Најголем пад на потрошувачките цени на месечно ниво има категоријата Храна и безалкохолни пијалаци и истата регистрира намалување од 1,5%. На месечно ниво најмногу се намалија цените на зеленчукот (пад од 7,2%),  овошјето (пад од 4,2%),  маслото  (пад од 3,9%) и млеко, сирење и јајца (пад од 1,3%). Одредено влијание врз намалувањето на цените на храната имаа и мерките за намалување на цените на струјата за фирмите за основни прехранбени производи со цел поевтинување на храната, коишто започнаа да важат од 1-ви декември.

На месечно ниво, освен храната повеќето категории регистрираа раст и тоа: Рекреација и култура од 2,1%, Разновидни стоки и услуги од 1,5%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 1,3%, Транспорт и Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива од по 0,7%, Ресторани и хотели од 0,3%, Здравствена заштита и Облека и обувки од по 0,2% и Образование од 0,1%. Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Комуникации останаа непроменети.

Во декември 2022 година, цените на мало се зголемија за 15,1% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,7%. Во 2022 година, цените на мало се зголемија за 12,6%.

Во еврозоната, стапката на инфлација во декември 2022 година се очекува да регистрира одредено забавување и да изнесува 9,2% (10,1% во ноември). Растот на цените се должи на растот на цените на енергијата од 25,7% (34,9% во ноември), следен од порастот на цените на храната, алкохолот и тутунот од 13,8% (13,6% во ноември), неенергетските индустриски добра од 6,4% (6,1% во ноември) и услугите од 4,4% (4,2% во ноември). Согласно со остварените стапки на раст, како и очекувањата за движењето на цените на храната и нафтата на светските

берзи и воениот конфликт меѓу Русија и Украина, ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и, во согласност со проекциите од декември, истата во 2022 година би достигнала 8,4%, 6,3% во 2023 и 3,4% во 2024 година.

## Берзански цени

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во декември 2022 година на месечно ниво регистрира пад од 11,2% и изнесува 80,9 долари за барел (веќе неколку месеци по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел). Цената на суровата нафта забележа драматичен раст од февруари годинава, како резултат на војната помеѓу Русија и Украина, односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји кон Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, меѓутоа од јули цените забележаа пад како резултат на зголемените стравувања од глобална рецесија и воведените карантини во Кина кои можат да предизвикаат намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 8,9%.

Во декември 2022 година, цената на природниот гас регистрира раст од 2,0% на месечно ниво. Цената на природниот гас од април 2021 година континуирано регистрира високи стапки на раст како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување од пандемијата, со што трендот на раст продолжи со зголемен интензитет и во 2022 година со нападот на Русија врз Украина. Ограничената испорака на руски природен гас во Европа предизвика рекорден раст на неговата цена. Во август 2022 година цената на гасот беше највисока оваа година, меѓутоа во септември истата забележа пад како резултат на поволните временски услови и обезбедените залихи гас. Трендот на пад прекина во декември и цената на гасот регистрира благо зголемување. На годишно ниво, цената на природниот гас во декември регистрира зголемување од 6,6%.

Цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) во декември 2022 година изнесува 261,2 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 17,2% по рекордниот раст на цената во август кога изнесуваше 495,3 евра за мегават/час. На годишно ниво, во декември цената на електричната енергија регистрира раст од 6,2%.

Во декември, цените на сите основни метали регистрираа зголемување на месечно ниво. Така цената на калајот за големи за 13,8%, на никелот за 13,2%, на цинкот за 6,5%, на оловото за 5,5%, на бакарот за 4,0% и на алуминиумот за 2,2%. Цената на железната руда регистрира раст од 19,8%.

Во текот на 2022 година, цената за златото регистрира наизменични стапки на раст, а во декември 2022 годинатаа регистрира раст од 4,2%. Во декември, трендот на раст на месечно ниво го следеа и другите благородни материјали, па така цените на среброто и платината се зголемија за 11,0% и 2,2%, соодветно.

Цената на пченката на светските берзи во декември 2022 година се намали за 5,8% на месечна основа, а цената на сончогледовото масло регистрира пад од 8,4% во споредба со претходниот месец.

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во 2022 година изнесува 20.424,8 милиони евра и бележи раст од 23,3% во однос на истиот период минатата година.

Во 2022 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,4 п.п. споредено со 2021 година и изнесува 59,6%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во 2022 година изнесува 23,4% и е намалено за 2,1 п.п. во однос на 2021 година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
(износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2022 година изнесува 8.299,6 милиони евра и бележи раст од 19,9% (1.377,0 милиони евра) во однос на 2021 година, а физичкиот обем на извозот пад од 3,3%.

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

[1] Започнувајќи од декември2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Вредноста на извезените стоки во декември 2022 година изнесува 650,2 милиона евра и бележи раст од 9,7% (57,5 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 21,3% споредено со декември 2021 година.




Анализирано на месечно ниво, во декември 2022 година извозот бележи пад од 9,4% (67,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 1,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (7,8 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во 2022 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, облека, друмски возила, мебел и негови делови и метална руда и отпадоци од метал. Овие седум групи производи сочинуваат 70,6% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации[3] на земјите, во 2022 година споредено со 2021 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има само во групацијата Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 21,4% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 22,6%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 78,3% и 12,1%, соодветно.

---

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2022 година изнесува 12.125,2 милиона евра и бележи раст од 25,8% (2.486,9 милиони евра) во однос на 2021 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 8,1%.

Вредноста на увозот во декември 2022 година изнесува 1.013,8 милиони евра, што претставува раст од 7,4% (69,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а увезените количини стоки се намалени за 16,8% споредено со декември 2021 година.




Анализирано на месечно ниво, во декември 2022 година увозот бележи раст од 1,3% (12,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 4,6%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (5,9 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2021 | I-XII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 168,3 | 155,8 | -12,5 | -7,4 |
| Мил.ЕУР | 83,6 | 153,2 | 69,6 | 83,3 |
| Мил $ | 98,4 | 161,0 | 62,6 | 63,6 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2021 | I-XII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 1.194,4 | 1.280,1 | 85,7 | 7,2 |
| Мил.ЕУР | 581,8 | 1.133,8 | 552,1 | 94,9 |
| Мил $ | 685,2 | 1.188,1 | 502,9 | 73,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2021 | I-XII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 81,1 | 77,4 | -3,7 | -4,5 |
| Мил.ЕУР | 1.599,9 | 2.505,6 | 905,7 | 56,6 |
| Мил $ | 1.892,3 | 2.634,1 | 741,9 | 39,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2021 | I-XII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 36,5 | 30,5 | -5,9 | -16,2 |
| Мил.ЕУР | 188,7 | 182,7 | -6,0 | -3,2 |
| Мил $ | 224,0 | 192,8 | -31,2 | -13,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2021 | I-XII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 743,3 | 661,1 | -82,2 | -11,1 |
| Мил.ЕУР | 776,6 | 769,4 | -7,2 | -0,9 |
| Мил $ | 917,0 | 819,9 | -97,0 | -10,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2021 | I-XII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 720,0 | 749,1 | 29,1 | 4,0 |
| Мил.ЕУР | 542,9 | 663,9 | 121,1 | 22,3 |
| Мил $ | 640,7 | 703,3 | 62,6 | 9,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 40,9% односно 1.109,9 милиони евра споредено со 2021 година.

Во декември 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 3,5% односно 12,4 милиони евра споредено со декември 2021 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.




Во периодот јануари - декември 2022 година 96,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Турција, Србија, Русија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Унгарија, Шпанија и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,2% од трговската размена во 2022 година е реализирана во евра, што во однос на 2021 година претставува намалување за 0,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,8% и 88,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,3 п.п., а кај увозот е намалена за 0,2 п.п. во однос на 2021 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-XII-2021 | | | | | I-XII-2022 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 5.267,3 | 8.543.524.777 | 61,6252 | 526.496.423.075 | 88,6 | 5.433,1 | 10.726.561.128 | 61,6219 | 660.991.077.178 | 88,5 | 2.183.036.351 | 25,6 |
| УСД | 2.231,0 | 1.195.146.927 | 51,2797 | 61.286.775.885 | 10,3 | 1.457,6 | 1.382.480.564 | 58,5999 | 81.013.222.786 | 10,8 | 187.333.636 | 15,7 |
| ГБП | 1,6 | 17.957.956 | 71,1297 | 1.277.343.995 | 0,2 | 1,8 | 21.419.858 | 72,3059 | 1.548.782.085 | 0,2 | 3.461.902 | 19,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 7.499,9 | | | 589.060.542.955 | 98,9 | 6.892,6 | | | 743.553.082.049 | 99,5 | | |
| вк.извоз: | 7.519,7 | | | 594.023.223.284 | 100,0 | 6.907,5 | | | 747.191.285.744 | 100,0 | | 25,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во 2022 година изнесуваа 243.033 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,5% во однос на 2021 година. Во споредба со декември претходната година, буџетските приходи бележат зголемување од 12,7%, во октомври е забележан годишен раст на приходите од 8,9%, а во ноември пад од 0,9%.

Даночните приходи се реализирани во износ од 140.518 милиони денари и се повисоки за 13,1% во однос на 2021 година, како резултат на високиот раст на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ), увозните давачки, данокот на добивка и персоналниот данок на доход.

Приходите од ДДВ стандардно имаат доминантно учество од 46,1% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 64.764 милиони денари, што претставува зголемување од 11,3% во однос на претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 109.492 милиона денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 44.728 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 22,4%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 43,0% споредено со 2021 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увозот којшто забележа повисоко остварување за 19,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 28,9%.

Акцизите се остварија во износ од 25.483 милиони денари (учество од 18,1% во даночните приходи), што претставува намалување од 0,3% во споредба со 2021 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи во износ од 90.247 милиони денари, што претставува 64,2% од вкупните даночни приходи во 2021 година.

Графикон 3.1: Приходи по категории
(износи во милиони денари)




Извор: МФ.

Приходите од данокот на личен доход се остварија во износ од 23.852 милиона денари и бележат раст од 16,1% на годишна основа, а притоа 65,1% од приходите се од плата и други лични примања, 8,5% од приходи од капитал, 8,3% од приходи по основ на договор на дело, 6,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,2% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 15.776 милион денари и забележаа поголемо остварување за 45,1% во однос на претходната година како резултат на исклучително позитивните остварувања кај даночните биланси, коишто се зголемени за 50,2%, како и кај месечните аконтации коишто се зголемени за 48,9%.

Приходите од царина се остварија во износ од 9.973 милиони денари и забележаа зголемување од 17,6%. Приходите од други даноци со остварен износ од 670 милион денари забележаа зголемено остварување за 4,5% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварија во износ од 77.619 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9,9% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 9,8%, кај придонесите за здравствено осигурување за 10,1%, исто како и кај придонесите за вработување (10,1%).

Неданочните приходи се остварија во износ од 17.209 милиони денари и во однос на 2021 година забележаа повисоко остварување за 24,0% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 2.273 милиони денари, што е зголемување од 17,9% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 3.365 милиони денари, па истите се пониски за 42,9% во однос на 2021 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во 2022 година изнесуваа 278.518 милиони денари, односно 33,5% од БДП, што е за 8,4% повеќе во однос на претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 249.881 милион денари учествуваа со 89,7% и се зголемени за 7,0% во однос на 2021 година.




Платите и надоместоците се реализирани во износ од 32.159 милиони денари, што претставува зголемување за 3,7% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 20.904 милиони денари и споредено со 2021 година забележаа зголемување од 3,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 187.678 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 8,3% споредено со 2021 година и учествуваа со 67,4% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 8,5% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 131.758 милиони денари, со што истите учествуваат во вкупните расходи со 47,3%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, беа реализирани во износ од 78.394 милиони денари, што е зголемување за 9,6% споредено со 2021 година и учествуваат со 28,1% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистрирано зголемување од 9,0%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваа 30.581 милион денари и истите се зголемени за 8,1%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 20.474 милиони денари и бележат зголемување од 7,9% во споредба со претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 28.637 милиони денари со структурно учество од 10,3% во вкупните расходи, така што забележаа повисока реализација од 22,3% во споредба со 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во 2022 година реализираше 52.603 милиони денари или 98,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (66,8%) од расходите во овој период беа наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што беа потрошени 35.132 милиона денари или 99,8% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,3% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 98,7% (12.276 милиони денари) од планираните за 2022 година.

Графикон 33: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (јануари - декември 2022 година)




Во 2022 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] беа реализирани 28.628 милиони денари, што претставува 94,2% од предвидените за 2022 година. Отплата на главнина (11.206 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 39,1%, а притоа беа реализирани 96,4% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 31,9% од вкупните расходи, за што беа реализирани 9.124 милиони денари или 97,5% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи беа издвоени 4.126 милиони денари (94,6% од планираното), односно 14,4% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 28.405 милиони денари, што е 97,1% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (60,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што беа потрошени 17.233 милиони денари или 100,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,7%, за што беа потрошени 4.745 милиони денари, односно 97,8% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно беа реализирани 11.614 милиони денари, што претставува 98,7% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 68,6%, за што беа потрошени 7.966 милиона денари или 100,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 21,1%, за што беа реализирани 2.446 милиони денари или 96,5% од годишниот план.

Во 2022 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира средства во износ од 8.425 милиони денари што претставува 95,7% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 91,3% во вкупните расходи, беа реализирани 97,5% од планираните средства за цела година, односно 7.693 милиони денари.

[4] Во рамките на овој раздел се опфатени активности како: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Министерството за одбрана во 2022 година реализира буџетски средства во износ од 11.773 милиони денари, што е 91,3% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаа најголемо учество во расходите со 37,7%, за што во овој период беа реализирани 4.441 милион денари (99,8% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваа со 28,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период беа потрошени 3.327 милиони денари, односно 93,7% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во 2022 година реализира вкупно 18.844 милиони денари, односно 95,6% од планираните средства за 2022 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваа со високи 57,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а беа реализирани во износ од 10.804 милиони денари (93,1% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во 2022 година изврши буџетски средства во износ од 7.364 милион денари, што е 96,0% од вкупниот буџет за 2022 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови имаа најголемо учество во расходите со 47,5%, за што во овој период беа потрошени 3.500 милиони денари или 100,0% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 3.171 милион денари (95,8% од планираното за годината) и учество од 43,1% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализира средства во износ од 4.735 милиони денари, што е 82,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 72,4% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (3.427 милиони денари или 78,9% од вкупно планираните средства).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во 2022 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 35.485 милиони денари, што претставува 4,3% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 33.489 милиони денари и претставува 4,0% од БДП. Буџетскиот дефицит во 2022 година изнесува 83,0% од вкупно планираниот буџетски дефицит.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во декември 2022 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 204.127 новозасновани работни односи. Во однос на декември 2021 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 2,2%, со што продолжи трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи, којштo беше прекинат во август 2022 година. Трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи започна во април 2021 година, меѓу другото, како резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 41,1% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во декември 2022 година, 17,9% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во декември 2022 година изнесува 159.823, од кои 112.733 се активни баратели на работа, а 47.090 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за високи 13,9%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 302, со што продолжи трендот на пад на бројот на невработени лица којшто беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (60,3%) се градско население, а според половата структура 48,6% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,5%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,4% се со завршено средно образование, додека 8,1% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Анализирано според старосната структура, 49,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 61,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 11,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во ноември 2022 година оствари годишен раст од 13,3%, а во однос на октомви 2022 година истата е пониска за 0,3%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на ноември 2021 година се забележува во следните сектори: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (18,7%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (17,5%)

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

и Административни и помошни услужни дејности (17,3 %). Реалните плати во ноември 2022 година забележаа годишен пад од 5,2%.

Просечната номинална бруто-плата во ноември 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година порасна за 13,5%, а на месечна основа истата е пониска за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во ноември 2022 година во однос на ноември 2021 година се забележува во следните сектори: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (18,6%), Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (18,0%) и Административни и помошни услужни дејности (17,7%). Реалната бруто-плата во ноември забележа годишен пад од 5,0%.

## Пензии

Во декември 2022 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 334.816 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,0% се корисници на старосна пензија, 22,5% се корисници на семејна пензија и 8,5% се корисници на инвалидска пензија.

Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во декември 2022 година изнесува 17.709 денари и истата е за 11,7% повисока во однос на истиот месец од 2021 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2022 година (последни расположливи податоци) изнесува 53,0%.

Просечната старосна пензија во декември 2022 година изнесува 19.131 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 15.846 денари, а просечната семејна пензија 14.028 денари. За исплата на пензиите во декември 2022 година потрошени се 5.890 милиони денари, што претставува 45,1% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во декември 2022 година, како одговор на растечката инфлација, Народната банка повторно ја зголеми основната каматна стапка за 0,50 п.п. и истата изнесува 4,75%, откако претходно ја зголеми во ноември за 0,75 п.п. Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
(декември 2022 година)




Извор: НБРСМ.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

На седницата одржана во декември, согласно со зголемувањето на основната каматна стапка, Народната банка ги зголеми каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена, исто така за по 0,50 п.п. на ниво од 2,65% и 2,70%, соодветно.

## Примарни пари

Во декември 2022 година, примарните пари[6] се намалија за 1,7% на годишно ниво. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 8,4%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 4,8%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 3,4%, што е резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 13,1%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 6,6%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во декември 2022 година се зголемија за 2,6% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатија и домаќинствата се зголемија за 3,3% и 2,7%, соодветно.

Од аспект на валутата, во декември 2022 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа зголемување од 3,7% и 1,3%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во декември 2022 година оствари раст од 4,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 2,1% на годишно ниво, додека депозитите во странска валута се зголемија за 8,5%, споредено со истиот месец претходната година.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата бележат раст од 3,7%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 5,8%

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,8%, а долгорочните депозити се намалија за 0,7%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,5%

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватниот сектор

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватниот сектор (декември 2022 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***491.539*** | ***2,6%*** | ***4,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *272.668* | *3,7%* | *2,1%* |
| *Странска валута* | *218.871* | *1,3%* | *8,5%* |

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва .

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *214.489* | *0,9%* | *6,8%* |
| *Долгорочни* | *97.335* | *2,9%* | *-0,7%* |
| | | | |
| ***Кредити на приватен сектор*** | ***423.114*** | ***1,4%*** | ***9,4%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *243.224* | *1,6%* | *5,9%* |
| *Странска валута* | *179.890* | *1,2%* | *14,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *70.471* | *0,7%* | *14,7%* |
| *Долгорочни* | *337.823* | *1,9%* | *9,1%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *11.921* | *-4,4%* | *-3,8%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во декември 2022 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,4% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон домаќинствата и кон претпријатијата се зголемија 0,3% и 2,6%, соодветно.

Од аспект на валутата, во декември 2022 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,6%, а девизните кредити за 1,2%.

На годишна основа, во декември 2022 година вкупните кредити се зголемија за 9,4%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,3% и раст на кредитите кон претпријатија од 11,5%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,9%, а кредитите во странска валута за 14,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,1%, а краткорочните кредити од 14,7%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во декември 2022 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и истата изнесува 4,44%. Каматната стапка на денарските кредити на месечно ниво се зголеми за 0,03 п.п. и

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




**Извор: НБРСМ.**

изнесува 4,72%, а каматната стапка на девизните кредити се зголеми за 0,03 п.п. и изнесува 4,12%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во декември 2022 година се зголеми за 0,09 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 0,86%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,08 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,26%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,08 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,55%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во декември 2022 година вкупниот промет на берзата регистрира раст од 14,3% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 33,4%, додека прометот од блок-трансакциите се намали за 40,0%.

Вкупниот промет на берзата во декември 2022 година изнесуваше 348 милиони денари и истиот е намален за 58,6% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на декември 2022 година изнесуваше 5.652,33 индексни поени, при што на месечно ниво тој е зголемен за 1,7%, а во однос на истиот месец претходната година е намален за 8,1%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на декември 2022 година изнесуваа 3.862,86 милиони евра и во однос на претходниот месец регистрираа зголемување од 1,0%, а во однос на декември 2021 година се зголемија за 6,0%.